2693 Централна правосулна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА Sodišče
ул. "Товчарјева" бр.9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 14 мај 1975
Скопје
Број 17 Год. XXXI

Претп[illegible] година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**154.**

Врз основа на член 4 од Законот за распределба на средствата за нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1971—1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 8/73) и член 23 став 2 од Законот за републичкиот буџет за 1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74) и Одлуката за распределба на средствата за изградба и опремување на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката за 1975 година, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1975 ГОДИНА

1. Од средствата утврдени со републичкиот буџет за 1975 година, Раздел 51 „Посебна сметка за нестопански инвестиции“, позиција 489, распоредна подгрупа 04-1 „за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката“, се распределуваат за изградба на објекти за физичка култура на следните корисници:

1. Општина Берово
— за изградба на сала за физичко воспитување 300.000 дин.
2. Општина Струга
— за изградба на затворен пливачки базен 400.000 дин.
3. Општина Дебар
— за изградба на спортско-рекреативен центар 500.000 дин.
4. Општина Прилеп
— за изградба на спортска палата 1.830.000 дин.
5. Општина Битола
— за изградба на спортска палата 1.400.000 дин.
6. Општина Кочани
— за изградба на фискултурна сала 250.000 дин.
7. Општина Куманово
— за изградба на олимписки базен 420.000 дин.
8. Општина Штип
— за изградба на спортско-рекреативен центар 900.000 дин.

2. Износите на средствата од претходната точка ќе ги преведува Републичкиот секретаријат за финансии, според динамиката на приливот на средствата.

3. Неискористените средства по точката 1 на оваа одлука ќе се пренесуваат во наредната година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 12-527/1
26 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**155.**

Врз основа на член 7 од Законот за учеството на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето изградбата на спомен-домови на културата („Службен весник на СРМ“ број 18/70, 44/72) и член 23 став 2 од Законот за Републичкиот буџет за 1975 година („Службен весник на СРМ“ број 49/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ИЗНОСОТ НА УЧЕСТВОТО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО ИЗГРАДБАТА НА СПОМЕН-ДОМОВИ НА КУЛТУРАТА

I. Од средствата утврдени со член 1 и член 4 точка 1, 6, 7, 12 и 13, 15 и 22 од Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето изградбата на спомен-домови на културата, во 1975 година им се доделуваат

— на Општината Битола 6.720.000 динари
— на Општината Охрид 4.320.000 динари
— на Општината Гостивар 4.320.000 динари
— на Општината Ресен 1.680.000 динари
— на Општината Гевгелија 1.680.000 динари
— на Општината Кочани 1.440.000 динари
— на Општината Пробиштип 1.200.000 динари

II. Неискористените средства од претходната точка на оваа одлука се пренесуваат во наредната година.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-209/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**156.**

Врз основа на член 5 од Уредбата за највисоките износи на патни и други трошоци за службени патувања во странство на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 32/72), Извршниот совет на СР Македонија, донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО ШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Во Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство што им се признаваат во материјални трошоци на ре-

публичките органи на управата („Службен весник на СРМ", бр. 7/75), во точката 1 се вршат измени на валутата во која се определени дневниците за службени патувања во следните странски земји:

„за Бугарија:

| | |
|---|---|
| I група работни места | 29 САД долари |
| II група работни места | 26 САД долари |

за Полска:

| | |
|---|---|
| I група работни места | 36 САД долари |
| II група работни места | 32 САД долари |

за Романија:

| | |
|---|---|
| I група работни места | 35 САД долари |
| II група работни места | 32 САД долари". |

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-398/2
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

## 157.

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Се именува за помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика Владо Црвенковски, досегашен советник во Републичкиот секретаријат за законодавство и организација.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-761/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

## 158.

Врз основа на член 46 став 1 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРЕН ИНСПЕКТОР

1. Се разрешува од должност главен републички санитарен инспектор д-р Сотир Сотировски, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-806/1
7 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

## 159.

Врз основа на член 46 став 1 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРЕН ИНСПЕКТОР

1. Се именува за главен републички санитарен инспектор д-р Костадин Грековски, лекар-специјалист по медицина на трудот во Институтот за медицина на трудот и техничка сигурност при Рудници и железарница „Скопје" — Скопје,

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-807/1
7 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

## 160.

Врз основа на член 1 став 2 и член 4 од Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај („Службен весник на СРМ", бр. 16/67), во согласност со републичкиот секретар за образование и наука и републичкиот секретар за финансии, републичкиот секретар за сообраќај и врски пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТИЦИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИСКОРИСТЕНИТЕ ПОВЛАСТИЦИ

Член 1

Во членот 5 од Правилникот за начинот на користење на повластиците и за пресметнување на надоместоците за искористените повластици („Службен весник на СРМ", број 19/67, 24/70 и 8/73), износот „13,00" се заменува со износот „18,20".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-15/4
29 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за сообраќај и врски,
**Александар Варналиев**, с. р.

---

## 161.

Врз основа на член 116 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи во согласност со републичкиот секретар за образование и наука донесува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА РАБОТАТА НА АВТО-ШКОЛИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува наставниот план и програмата, како и начинот на подготвувањето на кандидатите за возачи на моторни возила и за возачи на трактори во авто-школите (кандидати), опремата со која авто-школите мораат да располагаат и евиденциите сврзани со подготвувањето на кандидатите.

Член 2

Авто-школите можат да ги подготвуваат само оние кандидати кои ги исполнуваат пропишаните услови за подготвување.

Член 3

Во наставниот план на авто-школа, за кандидатите кои за прв пат се подготвуваат за полагање на возачки испит, бројот на наставните часови изнесува:

1. Прописи за безбедност на сообраќајот на патиштата — 35 наставни часови;
2. Познавање на моторни возила — само за кандидат кој се подготвува за полагање на возачки испит за управување со моторни возила од категориите Ц или Д — 50 наставни часови;
3. Управување со моторни возила од категориите Б или Ц или со трактор — 30 наставни часови.

Бројот на наставните часови за подготвување во управување со моторни возила од категоријата А, како и за дополнително подготвување во управување со моторни возила од категориите Б и Ц може да изнесува и помалку од 30 наставни часови, зависно од потребите и барањето на кандидатот.

За кандидат кој поседува возачка дозвола или дозвола за возач на трактор а се подготвува за полагање возачки испит за управување со моторни возила од друга категорија, наставниот план го опфаќа само подготвувањето во управување со моторно возило кое изнесува:

а) за кандидат кој поседува возачка дозвола за управување со моторни возила од категоријата А — 30 наставни часови; и

б) за кандидат кој поседува возачка дозвола за управување со моторни возила од другите категории или за возач на трактор — 10 наставни часови.

Член 4

Наставните програми отпечатени се во прилог на овој правилник и се негов составен дел (Прилог 1).

Член 5

Наставниот час од прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и од познавањето на моторните возила (теоретска настава) трае 45 минути, а од управување со моторни возила или трактор (практична настава) — 60 минути.

Во еден ден може со кандидатите да се одржат најмногу четири наставни часа од теоретската настава, а два наставни часа од практичната настава.

Член 6

Практичната настава во еден работен ден за возач-инструктор, кој со авто-школата е во редовен работен однос може да трае најмногу осум наставни часови, а за возач-инструктор, кој не е во таков работен однос може да трае најмногу четири наставни часови, а ако подготвувањето го врши во неработни денови за него, за време на користењето на својот годишен одмор или во деновн кога не го обавува своето занимање наставата може да трае ѝ до осум наставни часови.

Член 7

Возач-инструктор може на пат да почне со практична настава ако кандидатот го завршил почетното подготвување во практичната настава во траење од најмалку шест наставни часови.

Половината од почетното подготвување може да се заврши и на тренажери.

Член 8

Кандидат за возач може сам да го избере моторното возило или тракторот за изведување на практичната настава.

Член 9

За изведување на теоретската настава, автошколата мора да обезбеди посебна просторија (сала, училница), која не може да е дел на угостителски објект, која има најмалку површина од 1,5 м$^2$ и волумен од 4 м$^3$ по кандидат, греење во температура од 18—20С$^0$, природна вентилација и осветлување со најмалку 150 лукса.

Член 10

Во просторијата од член 9 на овој правилник мора да има особено:

— нужен број столици или клупи со наслон, работни маси и закачалка за облека;

— училишна табла, лењир, сунѓер и креди во боја;

— шеми или макети на сообраќајните знаци и ознаките на коловозот;

— шеми на разни сообраќајни ситуации на пат особено за раскрсници со регулиран и нерегулиран сообраќај, со приказ на правилата за предности, движење и поведение;

— макети на раскрсници со вкрстосување и составување на патишта од иста и нееднаква важност вон од нивото на крстосување и составување;

— макети на семафор;

— пресек на двотактен и четворотактен мотор;

— уреди и делови на уреди и опрема на моторни возила и други делови според програмата за познавање на моторните возила;

— шеми за поважните уреди на моторните возила;

— прописи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата со соодветна стручна литература.

Шемите и макетите од претходниот став можат да се заменат со соодветни слајдови, дијапозитиви или дијафилмови заради прикажување со дијапроектор или соодветна друга апаратура.

Член 11

Моторно возило за практична настава на автошкола треба да ги исполнува следните услови:

— сериски да е произведено;

— да има двојни ножни команди;

— да има две возачки огледала од обете надворешни страни на предниот дел на возилото; и

— да се осигурани лицата во возилото.

Моторното возило од претходниот став треба да има метална табла со димензии 75 x 15 см која е жолто обоена и на неа од обете страни со црни слова испишан е текстот: „Авто-школа“. Оваа табла е во рефлектиречка материја или осветлена со сопствен извор на светлина, која се поставува попречно од надворешната страна на кровот на моторното возило.

Член 12

Авто-школата води матична книга за кандидатите, дневник за теоретската настава со прозивник и картон за практичната настава.

Член 13

Матичната книга содржи: реден број, презиме и име, датум и место на раѓање, место на живеење и адреса, занимање и категорија на моторни возила за која се подготвува кандидатот, презиме и име на возачот-инструктор што го подготвува кандидатот, број на проведени наставни часови и датум на почетокот и завршетокот на наставата.

Член 14

Дневникот за теоретска настава со прозивникот содржи: датум и час на одржување на наставата, предметот што се предава со методската единица и потпис на наставникот, како и личните имиња на кандидатите со податоци за посетувањето на наставата.

Член 15

Картонот за практичната настава содржи: назив на авто-школата, презиме и име на возачот-инструктор и регистарскиот број на дозволата за возач-инструктор; реден број од матичната книга; категорија на моторното возило за која се подготвува кандидатот; презиме и име, датум и место на раѓање, место на живеење и адреса и занимање на кандидатот; вид, марка, регистарски број и сопственост на моторното возило; методска единица со потребно време и место каде треба да се изведува; ден и час на изведувањето на наставата и потписи на возачот-инструктор и кандидатот.

Член 16

Возачот-инструктор мора да го има кај себе уредно пополнетиот картон за практичната настава и да го покаже на барање на овластено службено лице.

Картонот за практичната настава, кога наставата не е потполна, се означува со дополнително подготвување.

Картонот за практичната настава по завршувањето на подготвувањето се сложува во картотеката по азбучен ред и се чува најмалку две години.

Член 17

За соодветното подготвување авто-школата на кандидатот му издава и потврда на образец што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел (Прилог 2).

Член 18

Со парична казна од 1000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок авто-школа:

1. ако практичната настава не ја изведува според наставниот план и наставните програми (чл. 3 и 4);

2. ако дозволи или нареди да се изведува практична настава на пат на оној кандидат кој не го завршил почетното подготвување (член 7 став 1);

3. ако дозволи или нареди за практична настава да се користи моторно возило што не ги исполнува пропишаните услови или што не е прописно означено (член 11);

4. ако не ја води или не ја води точно и уредно пропишаната евиденција за подготвувањето на кандидатите (член 12);

5. ако издаде потврда на лице кое не се подготвувало според овој правилник или потврдата не е соодветна на извршеното подготвување (член 17).

За прекршокот од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во авто-школата со парична казна од 200 до 1000 динари.

Член 19

Со парична казна од 500 до 5000 динари ќе се казни за прекршок авто-школа ако дозволи или нареди на возач-инструктор да изведува во еден ден повеќе наставни часови отколку што е пропишано (член 5 став 2 и член 6).

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во авто-школата со парична казна од 100 до 500 динари.

Член 20

Со парична казна од 200 до 500 динари ќе се казни за прекршок возач-инструктор:

1. ако изведува практична настава на пат со кандидат кој не го завршил почетното подготвување (член 7 став 1);

2. ако за практичната настава користи моторно возило што не ги исполнува пропишаните услови или што не е прописно означено (член 11);

3. ако при изведувањето на практичната настава го нема кај себе или не го покаже на барање на овластено службено лице картонот за практичната настава или ако тој картон неуредно е пополнет (член 16 став 1).

Член 21

Постојните авто-школи се должни својата организација и работа да ја усогласат со одредбите на овој правилник во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-3676/1
19 март 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

Согласен:
Републички секретар
за образование и наука,
**Љупчо Копровски,** с. р.

Прилог 1

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ

### I. Наставна програма од прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. Општи прашања — 4 наставни часа:

— видови прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата (меѓународни конвенции, сојузни и републички закони со нивни подзаконски акти и одлуки на собранијата на општини);

— поделба на јавните патишта, нивното одржување и користење;

— фактори што влијаат на психофизичката способност на возачите на моторно возило (вид, слух, замор, внимание, време на реакција, алкохол, труење со јаглен-моноксид и душевна рамнотежа).

2. Општи правила на сообраќајот — 6 наставни часа:

— општи обврски за возачите на моторни возила;

— вклучување во сообраќај и промена на начинот и правецот на движење;

— страна на движењето;

— брзина на движењето;

— разминување;

— престигнување;

— обиколување;

— знаци за предупредување;

— запирање и паркирање;

— пресекување на колона на пешаци.

3. Посебни правила на сообраќајот — 8 наставни часа:

— сообраќај на моторни и приклучни возила;

— превоз на лица со возила;

— употреба на светлата ноќе и дење во случај на намалена видливост;

— растојание помеѓу возилата во движење;

— означување на запрени возила;

— сообраќај на трамваи и на други возила на шини;

— сообраќај на велосипеди, велосипеди со мотор и мотоцикли;

— сообраќај на запрежни возила и движење на добиток;

— движење на пешаци;

— сообраќај на раскрсници (поим и поделба на раскрсниците и начини на регулирање на сообраќајот на раскрсница);

— правила за движење и предности на раскрсница;
— движење на раскрсница вон од нивото на патиштата и со кружен тек на сообраќај;
— сообраќај на патен премин преку железничка пруга;
— сообраќај на автопат и пат резервиран за сообраќај на моторни возила;
— сообраќај во тунел;
— возила под придружба;
— возила со право на првенство за минување;
— пробно возење;
— влечење на возило;
— превоз на опасни материи;
— должноста во случај на сообраќајна незгода;
— спортски и други приредби на пат;
— сообраќај по неповолни временски услови.

4. Сообраќајни знаци — 4 наставни часа:
— сообраќајни знаци како фактор за безбедност и нивна поделба;
— знаци за опасност;
— знаци за изречени наредби;
— знаци за известување;
— дополнителни табли;
— светлосни сообраќајни знаци и светлосни ознаки;
— ознаки на коловозот.

5. Прописи за возачите на моторни возила и возачи-инструктори — 2 наставни часа:
— право на управување со моторни возила и услови за добивање на возачка дозвола;
— подготвување на кандидат за возач и за возачки испит;
— возачки испит;
— возачки дозволи и дозвола за возач на трактор;
— категории на моторни возила за кои се издаваат возачки дозволи;
— важење и продолжување на важењето на возачките дозволи и дозволата за возач на трактор;
— пријавување на промената на живеалиштето;
— војна возачка дозвола и нејзина замена со возачка дозвола;
— странска возачка дозвола и нејзина замена со возачка дозвола;
— издавање нова возачка дозвола или дозвола за возач на трактор наместо загубена или дотраена;
— меѓународна возачка дозвола и превод на југословенска возачка дозвола;
— одземање на возачка дозвола;
— контролен здравствен преглед на возачи;
— контрола на алкохолизираност на возачи;
— траење на управувањето со моторно возило;
— одговорност на возачите (прекршочна, кривична и материјална);
— право на добивање дозвола за возач-инструктор;
— обврски на возачот-инструктор спрема кандидатите;

6. Прописи за возилата — 2 наставни часа:
— основни мерки за безбедност;
— регистрација на моторни и приклучни возила;
— обврска и услови за регистрација;
— привремена регистрација;
— возила со странска регистрација;
— евиденција за регистрираните моторни и приклучни возила;
— важење и продолжување на важењето на регистрацијата;
— пријавување на промената на возилото;
— издавање нова сообраќајна дозвола и регистарски таблици наместо загубени или дотраени;
— бришење од евиденцијата на регистрираните возила (дерегистрација);
— исклучување на возило од сообраќај;
— технички преглед на моторни и приклучни возила.

7. Прописи за уредите и опремата на возилата што се од посебно значење за безбедноста на сообраќајот — 5 наставни часа:
— уред за управување: улога, основни делови и принцип на работа;
— уреди за запирање: улога и видови на кочни системи на моторни возила;
— работна кочница: улога, ефикасност, уедначеност на дејствување;
— помошна кочница: улога, принцип на работа и ефикасност на кочење;
— светлосни и светлосно-сигнални уреди: улога, видови, светлосни уреди за осветлување на патот (големо, соборено светло и светло за магла), состојба, број, положба, боја, пригоденост, функционирање, меѓусебна поврзаност со пропишаните светла;
— светлосни уреди за означување на возилото: предни светла, задни светла, улога, положба, број, боја, уедначеност на видливоста, функционирање и поврзаност со другите пропишани светла;
— габаритни светла: улога, број, положба, боја, функционирање и поврзаност со другите пропишани светла;
— жолто-ротационо светло: улога, положба, видливост, боја и функционирање;
— светла за осветлување на задната регистарска таблица: улога, проицирање на светлост наназад, боја, функционирање и поврзаност со другите пропишани светла;
— катадиоптери: улога, број, положба, боја, форма, површина и видливост;
— светлосно-сигнални уреди за давање светлосни знаци и работата на покажувачите на правецот: улога, положба, број, боја, функционирање, видливост, зачестеност на миграњето и друго за мигавците;
— стоп-светла: улога, положба, број, боја, функционирање и друго;
— уред за давање звучни сигнали: улога, видови и функционирање;
— уреди што овозможуваат нормална видливост: ветробранско стакло и други застаклени површини, улога, провидност, поседување ознака на сигурносно стакло и др.;
— бришачи на ветробранот: улога, број, функционирање, ефикасност и др.;
— перачи на ветробранот: улога, состојба и функционирање;
— возачки огледала: улога, број, положба, функционирање и можност за дотерување;
— контролни и сигнални уреди: брзиномер со патомер и со светилка за осветлување, негозата улога и функционирање. Контролна сина лампа за големото светло: улога, функционирање, истовареност на палење со друго светло;
— светлосен или звучен сигнализатор на контролата на работата на покажувачот на правецот;
— задолжителна опрема на возилата (знак за означување на запрено возило — трокут, кутија за прва помош, резервни сијалички, апарати за гаснење на пожар, клинести подметки, тахограф и др.).

8. Надлежност за вршење контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата и посебните овластувања на службените лица во контролата и регулирање на патниот сообраќај — 3 наставни часа:
— право на запирање, контрола и регулирање;
— право на казнување на лице место за сторени прекршоци и во одредени случаи;
— исклучување на возачот од сообраќај, во кои случаи и постапка;
— исклучување на возило од сообраќај, во кои случаи и постапка;

— упатување на возило на вонреден технички преглед;

— право да нареди отстранување на возило од определено место;

— да нареди отстранување на одделни недостатоци на возилото или товарот, и во определен рок, на определено место и време да се јави возачот со отстранети недостатоци;

— упатување на возач на контролен здравствен преглед;

— упатување на возач за проверка на знаење;

— одземање на возачката дозвола на лице место во одредени случаи и за одредени прекршоци;

— други овластувања на милицијата (повикување за сообраќајната поука, приведување, задржување, употреба на физичка сила, гумена палка, огнено оружје, вршење претреси, користење на превозни средства и др.);

— односи на реализацијата: овластено службено лице — учесник во сообраќајот; и

— постојана внатрешна контрола во организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз или превоз за сопствени потреби.

9. Основни поими за осигурување на моторни возила — 1 наставен час:

— основни поими за осигурување на моторни возила, со посебен осврт на задолжителното осигурување на штети спрема трети лица.

## II. Наставна програма од познавањето на моторни возила

1. Возило и мотор со уреди — 12 наставни часови:

— значењето на моторните возила во јавниот сообраќај;

— возила: поделба спрема намената, конструкцијата, погонските горива и врстата на моторот. Долни и горни колски построј, со деловите и намената;

— рамот на возилото, улога и врсти;

— товарен сандук, улога и врсти;

— мотор: врсти и улога, главни делови и нивниот опис. Принцип на работа во четворотактен мотор;

— стублина (цилиндер): улога и опис. Степен на компресијата и компресивниот простор;

— клип, клипњача, работилка со замаец, глава на моторот и разводниот механизам со вентилите: улога, опис и принципот на работа;

— подмачкување на моторот: врсти, начин и потреба за подмачкување. Менување маслото во моторот;

— масла и мазива за подмачкување на моторни возила; врсти, својства и избор на масла за мотор, менувач и диференцијал;

— напојување на моторот со течно гориво: начин на напојување и уредот за напојување со неговите составни делови и принципот на работа кај ОТО и дизел мотор;

— карбуратор: врсти, улога, основни делови и принципот на работа. Чинители кои влијаат на составот на гасната мешавина;

— горива за ОТО и дизел мотор: состав на ЈУС, октански и центански број;

— ладење на моторот: потреба, врсти, основни делови на уредот за ладење со помош на течности и воздух, добри и лоши страни кај едниот и другиот начин на ладење;

— антифриз, неговата употреба и својства;

— батериско палење: улогата на индукциониот калем, прекинувачот, кондензаторот и разводникот на палењето. Регулирање на палење:

— свеќици: врсти, улога и опис, и топлотната вредност.

2. Преносни механизми и уреди за запирање и управување — 10 наставни часови:

— преносен уред — спојници (квачило), мењач, карданско вратило и диференцијал: врсти, улога, основни делови и принципот на работа;

— предно и задно обесување: улога на предната оска на федерите, амортизерите, тркалата и гумите;

— гуми: избор, профил и димензија. Притисокот во гумите и неговата важност за безбедноста и трајноста на гумите;

— уред за управување: врсти, улога, основни делови и принципот на работа. Улогата и принципот на работа на серво и пневматско серво управувач;

— уред за запирање (кочници); улога, врсти на кочни системи на моторни возила, основни делови и принципи на работа на механички, хидроулични, воздушни и комбинирани кочници. Работа на двокружен и трокружен систем на хидроулични кочници. Диск кочници;

— моторни кочници: улога и принцип на работа;

— регулатор за поднесување интензитетот на кочењето и неговата улога;

— работна, помошна и паркирна кочница: улога, ефикасност и изедначеност на дејствувањето;

— покажувач на расположивиот притисок во пневматските уреди на работната кочница, улога и неговата функција.

3. Двотактен и дизел мотор — 3 наставни часа:

— двотактен бензински мотор и принципот на неговата работа;

— дизел мотор: принципот на работа на уредите за напајање со течно гориво. Разликата помеѓу ОТО и дизел мотор по начинот на работата, деловите, горивото и потрошувачката.

4. Електрични уреди — 3 наставни часа:

— акумулатор (батерија): улога, опис и одржување;

— гиератор (динама): улога, основни делови и принципот на работа;

— автоматски прекинувач и реглер, со нивната улога;

— електричен покретач (стартер): улога, основни делови и принципот на работа.

5. Светлосни и светлосно-сигнални уреди — 5 наставни часа:

— светлосни и светлосно-сигнални уреди: улога, врсти, светлосни уреди за осветлување на патот (големо светло, соборено светло и светло за магла); состојба, број, положба, боја, подесеност, функционирање, меѓусебна поврзаност и др.;

— светлосни уреди за означување на возилото: предни светла, задни светла, со нивната улога, положба, боја, изедначеност, видливост, функционирање, поврзаност и друго;

— габаритни светла: улога, број, положба, боја, функционирање, поврзаност со другите светла и др.;

— жолто ротационо светло: улога, положба видливост, боја, функционирање и др.;

— светла за осветлување на задната регистарска таблица: улога, продор на светлосните зраци, боја, функционирање, поврзаност со другите светла и др.;

— катадиоптери (мачји очи): улога, број, положба, боја, форма, површина и видливост;

— светлосно-сигнални уреди за давање светлосни знаци: покажувачи на правецот — мигавци: улога, положба, број, боја, функционирање, видливост и бројот на трепкањето;

— стоп-светла: улога, положба, број, боја и функционирање.

6. Останати уреди на возилото — 5 наставни часа:

— уред за давање звучни сигнали: улога, врсти, составни делови на уредот, состојба, функционирање, интензитет на звучните сигнали и др.;

— уреди што овозможуваат нормална видливост: улога, ветробранско стакло и други застак-

лени површини, состојба, провидност и ознака на сигурносното стакло;

— уред за одмрзнување и одмаглување на ветробранот, уред за греење и проветрување на кабината на возачот и просторот за патниците: улога и користење;

— бришачи на ветробранот: улога, број функционирање, ефикасност, со перачот на ветробранот, нивната состојба и функционирање;

— возачки огледала: улога, број, положба, функционирање, можноста за подесување и нивното користење;

— електрични осигурувачи и нивната улога;

— контролни и сигнални уреди: брзиномер со патомер и светилка за осветлување со нивната улога и функционирање. Контролна сина лампа за големото светло: улога, функционирање и поврзаност со другите светла;

— тахограф, неговата улога и состојба;

— светлосни или звучни сигнализатор за контрола на работата на покажувачите на правецот (мигавците): улога, функционирање, видливост и истовремено активирање со покажувачите на правецот;

— уред за одвод на согорените гасови: улога, основни делови и нивна состојба, издувната цевка и обоеноста на издувните гасови;

— максимално ниво на дозволената бука на моторните возила.

7. Опрема на возилата — 4 наставни часа:

— брави на вратите, со нивното осигурување, држање и состојби;

— завесици на задните блатобрани-калници: улога, состојба, положба и големина;

— приклучоци за сигурносни појаси и нивната улога;

— уреди за обезбедување на возилото од кражба: улога, врсти, функционирање и нивна употреба;

— опрема на возилата: апарат за гасење пожар, прицврстеност, ознака на рокот на траење и др.;

— зимска опрема на возилото: зимски гуми, со и без шајки, синџири, песок, лопата, крута врскаруда, јаже и др.;

— знак за означување на запрено возило на коловозот — трокут: улога, боја и начинот на поставување;

— уред за сигнализација на недозволениот притисок во пневматиците: улога и негова функција на возилата на кој таквиот уред е задолжителен;

— влечен уред за спојување на влечното и приклучното возило: прицврстеност и помошна врска.

8. Преглед на возилото, дефекти и нивно отклонување — 8 наставни часа:

— преглед на моторното возило пред, за време и после употребата;

— дефекти на моторните возила, пронајдување и нивно отстранување на: светлата и светлосно-сигналните уреди, уредот за довод на гориво и спроведувањето на гасната смеса, уредот на батериското палење за создавање варница на свеќиците, уредот за ладење, уредот за запирање, уредот за управување, и др. Вадење, наместување и поправка на пневматициите (гумите).

### III. Наставна програма од управување со моторни возила

#### Почетно подготвување

1. Час:

— запознавање со возилото на кое се врши подготвувањето, неговите основни карактеристики и што зафаќа прегледот на возилото;

— влегување во возилото, положба на возачот на седиштето, запознавање со инструментите на контролните уреди, командите и начинот на нивната употреба;

— пуштање на моторот во работа, менување на степените на преносот во место и постигање на работна температура;

2. Час:

— пуштање на моторот во работа, тргнување од местото, промена на I и II степен на преносот во возење со сопирање (со раздел или меѓугас или без нив);

— одржување на правецот на движењето со двете раце — и со менување на брзините;

3. Час:

— возење наназад: одржување на правецот на определена должина, влегување на бочен пат со скршнување на десно;

— повторување и поврзување на претходните дејствија;

4. Час:

— движење низ импровизирани раскрсници, раскрсници на патишта од исто значење со примена на постојни сообраќајни знаци како и пропуштање на возила со право на првенство на минување (се спроведува во рамките на можностите што ги дава местото каде се врши почетното подготвување);

5. Час:

— работа со управувачот при нагли промени на правецот на движењето со полукружно скршнување на возилото без маневра на поширок простор и со двојна маневра на ограничен простор; и

6. Час:

— запирање и паркирање на возилото: кон десниот и левиот раб на коловозот и на место определено за паркирање со возење напред односно наназад со употреба на пропишани сигнали;

#### Подготвување на јавен пат надвор од населено место

7. Час:

— вклучување во сообраќајот, промена на начинот и правецот на движењето;

8. Час:

— разминување, престигнување и обиколување;

9. Час:

— промена од најмалиот до најголемиот степен на преносот со одржување на правецот, работа со педалата на гаста и работната кочница при забрзување и успорување;

10. Час:

— возење на нагорница, сопирање на нагорница со употреба на рачна — помошна и работна сопирачка;

— паркирање на нагорница;

— возење наназад на нагорница;

11. Час:

— возење на надолница, сопирање на возилото, движење на надолница, намалување на движењето со помош на моторот и префрлување во понизок степен на преносот;

— паркирање на надолница;

— возење наназад на надолница; и

12. Час:

— возење ноќе со употреба на светлата.

#### Подготвување на јавен пат во населено место

13. Час:

— вклучување во сообраќајот, промена на начинот и правецот на движењето;

— возење наназад;

14. Час:

— возење на улица со послаб сообраќај;

— престојување пред раскрсница со свртување вдесно и давање на прописни сигнали;

15. Час:

— возење на улици со интензивен сообраќај: разминување, престигнување, обиколување и да-

вање на знаци за предупредување на другите учесници во сообраќајот, како и користење при тоа на ретровизорот (возачкото огледало);

16. Час:

— почитување на правото за предимство на пешаците на пешачки премин;

— застанување и паркирање;

— влегување и излегување од паркиралиште;

— паркирање на нагорница и надолница;

17. Час:

— возење во густ сообраќај;

— премин низ раскрсници, престојување пред раскрсници, скршнување на раскрсници и вклучување на прописните сообраќајни ленти од бочниот пат, почитување на сообраќајните знаци и сигнали;

— постапка по запирање на возило пред раскрсница;

— постапка на раскрсници со светлосни сообраќајни знаци (семафори), непосредно кога при доаѓањето се појави жолто светло;

18. Час:

— минување со возилото покрај запрено возило за јавен превоз на патници на автобуска станица, кога патниците влегуваат и излегуваат од такво возило или преминуваат преку коловозот;

— држање на правилно растојание помеѓу возилото во движење;

— бочно паркирање помеѓу две возила на ограничен простор;

19. Час:

— полукружно свртување на возилото без или со маневра, надвор и на површини на кој се врши јавен сообраќај, правилно свртување на управувачот за време на движењето на возилото;

20. Час:

— сообраќај на премин на пат преку железничка пруга;

— возење на пат надвор од населено место со развивање на поголеми брзини;

21. Час:

— проверување на односот спрема другите учесници во сообраќајот;

22 до 26 Час:

— возење на пат со интензивен сообраќај низ населени места и надвор од населени места;

— вежбање и поврзување на сите претходно минати дејствија;

27 и 28 Час:

— возење ноќе во населено место со употреба на светлата во разни ситуации; и

29 и 30 Час:

— возење во населено место со проверка на знаењата и вештините со управување со возилото и со почитување на сообраќајните знаци и предностите на другите учесници во сообраќајот.

За кандидат кој поседува возачка дозвола за управување со моторни возила (член 3 став 2 буква б) наставата од управување со моторни возила се изведува по оваа програма предвидена за часовите од 21 до 30.

ПРИЛОГ 2

НАЗИВ НА АВТО-ШКОЛАТА

________________________

________________________

Мат. книга бр. __________

________________ година

________________________

(место)

Врз основа на член 17 став 1 од Правилникот за работата на авто-школите („Службен весник на СРМ“ бр. 17/75), се издава следната

П О Т В Р Д А

за подготвување на кандидат за возач на моторно возило

Со ова се потврдува дека ____________ од ____________, ул. __________ бр. ________, роден __________, во времето од ________ до ________ посетувал настава за возач од _____ категорија на моторно возило — возач на трактор по пропишаниот наставен план и програма, и тоа:

1. Прописи за безбедност на сообраќајот на патиштата _____ часови;

2. Познавање на моторни возила _____ часови; и

3. Управување со моторно возило или трактор _____ часови.

М.П.

Овластен работник

________________

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**173.**

Врз основа на член 1 од Уредбата за начинот и постапката за склучување на спогодбите за промена на затечените цени на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 41/72), претставниците на индустријата за градежни материјали — производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

### С П О Г О Д Б А

**ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ — НЕГАСЕНА (КАМЕНА) И ХИДРАТИСАНА ВАР ВО СР МАКЕДОНИЈА**

1. Претставниците на производителот и потрошувачите на производите од индустријата за градежни материјали на ден 18. Ш. 1975 година, склучија и потпишаа спогодба за промена на затечените цени, така да можат да ги зголемат постојните продажни цени без менување на купопродажните услови, и тоа:

а) негасена (камена) вар 0,50 дин. за 1 кгр.

б) хидратисана вар 0,58 дин. за 1 кгр.

2. Оваа спогодба влегува во сила од денот на давањето согласност од Републичкиот завод за цени, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

3. На оваа спогодба даде согласност Републичкиот завод за цени, со решение бр. 02-196/2 од 8. IV. 1975 година.

Претставник на производителот: Керамичка индустрија „Киро Кучук“ — Т. Велес.

Претставници на купувачите-потрошувачи: ГП „Бетон“ — Скопје, ГП „Пелагонија“ — Скопје, ГП „Маврово“ — Скопје ,ГП „Гранит“ — Скопје, ГП „Илинден“ — Скопје, ГП „Техника“ — Скопје, ГП „Козјак“ — Куманово, ГП „Слога“ — Ресен, Трг. прет. „Караорман“ — Скопје, Трг. прет. „Јавор“ — Битола, Трг. прет. „Јасен“ — Прилеп, Трг. прет. „Даб“ — Т. Велес и Трговското претпријатие „Бор“ Кичево.

**174.**

Врз основа на чл. 1 од Уредбата за начинот и постапката за склучување на спогодбите за промена на затечените цени на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 41/72), претставници на индустријата за градежни материјали — производителите и претставници на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ-ГЛИНЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

1. Претставниците на производителите и потрошувачите на производите од индустријата за градежни материјали на ден 18. Ш. 1975 година, склучија и потпишаа спогодба за промена на затечените цени за глинени производи, така да можат да ги зголемат постојните продажни цени за 16%, според ценовникот за глинени производи што е составен дел на спогодбата.

2. Оваа спогодба влегува во сила од денот на давањето согласност од Републичкиот завод за цени, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

3. На оваа спогодба даде согласност Републичкиот завод за цени, со решение бр. 02-179/2 од 8. IV. 1975 година.

Претставници на производителите: „Пролетер“ — Скопје, „Партизанка“ — с. Драчево, „Киро Кучук“ — Т. Велес, „8 Ноември“ — Неготино, „КИБ“ — Битола, „Еленица“ — Струмица, „Пролетер“ — Виница, „КИК“ — Куманово, „Славеј“ — Арбиново, „Вранештица“ — Кичево, „Рекорд“ с. Мороиште, „Вардар“ — Гостивар, „Победа“ — Прилеп, „Брегалница“ с. Кучичино, „Слога“ — Ресен и „Неметали“ — Тетово.

Претставници на купувачите-потрошувачи: ГП „Бетон“ — Скопје, ГП „Пелагонија“ — Скопје, ГП „Маврово“ — Скопје, ГП „Техника“ — Скопје, ГП „Гранит“ — Скопје, ГП „Илинден“ — Скопје, ГП „Младост“ — Т. Велес, ГП „Козјак“ — Куманово, ГП „Слога“ — Ресен, Трг. прет. „Караорман“ — Скопје, Трг. прет. „Јавор“ — Битола, Трг. прет. „Јасен“ — Прилеп, Трг. прет. „Даб“ — Т. Велес, и Трг. претпријатие „Бор“ — Кичево.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**175.**

Врз основа на член 28 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница и Основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и на Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 3 април 1975 година, со рамноправно учество, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето на правото на надоместок за спрема на новородено дете кој припаѓа на осигурениците-работници од Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес.

Член 2

Висината на надоместокот за спрема на новородено дете изнесува 250 динари.

Надоместокот за спрема на новородено дете се исплатува на осигурениците доколку се исполнети условите за користење на тоа право предвидени во општите акти на Заедницата.

Член 3

Надоместокот за спрема на новородено дете го исплатува Стручната служба на Општинската заедница на основа на поднесено барање од страна на осигуреникот.

Кон барањето се прилага оценка од лекар-гинеколог според која породувањето ќе уследи во рок од 1 месец од денот на давањето на оценката, односно извод од матичната книга на родените, или доказ за усвојување на дете и доказ дека за тоа дете помошта не е исплатена, или потврда од матичната организација на здружениот труд во здравството во случај на мртвородено дете.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-162/1
3 април 1975 година
Титов Велес

Претседател,
**Љ. Ашиков,** с. р.

**176.**

Врз основа на член 28 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница и Основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и на Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 3 април 1975 година, со рамноправно учество, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

Член 1

